РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1778
20.10.2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15 и 154/15), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications) на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications) на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.18-38/2 од 30.04.2015 година, за акредитација на студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications) на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 09-1055/10 од 25.08.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-1778 од 26.08.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications) на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-1788 од 10.09.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 14.09.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-1778 од 14.09.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications), се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролиран: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ